# З А К О Н
# ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКОНИТЕ И ДРУГИТЕ ПРОПИСИ И АКТИ ВО „СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“
## Редакциски пречистен текст*

### Член 1

Со овој закон се уредува објавувањето на законите, другите прописи и акти во „Службен весник на Република Северна Македонија“, како и издавањето на службеното гласило „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Објавувањето и издавањето од ставот 1 на овој член, се врши во печатена и во електронска форма. [1]

### Член 2

Објавувањето на законите и другите прописи, акти и издавањето на службеното гласило „Службен весник на Република Северна Македонија“ е од јавен интерес.

Законите и другите прописи и акти од членот 3 став 1 од овој закон се објавуваат во печатеното и во електронското издание на „Службен весник на Република Северна Македонија“, кое содржи електронски потпис и печат, со што се гарантира неговата идентичност и автентичност со печатеното издание и е објавено на веб-страницата на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија.

### Член 3

Во „Службен весник на Република Северна Македонија“, се објавуваат:

1. Уставот на Република Северна Македонија, уставен закон, уставните амандмани, законите, другите прописи и акти на Собранието на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Собранието);
2. Меѓународните договори ратификувани согласно со Уставот на Република Северна Македонија;
3. Други меѓународни договори и меѓународните акти за кои тоа е утврдено со закон или друг пропис, односно за кои ќе одлучи Владата на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Владата);
4. Указите, одлуките и другите акти на претседателот на Република Северна Македонија;
5. Уредбите, одлуките и другите акти на Владата;
6. Подзаконските и другите акти кои ги донесуваат министрите или министерствата, акти на функционерите кои раководат со други органи на државната управа, актите на организациите утврдени со закон, агенциите, дирекциите или други правни лица кои целосно се финансираат од Буџетот на Република Северна Македонија;
7. Одлуките, решенијата и другите акти на Уставниот суд на Република Северна Македонија;
8. Акти на Судскиот совет на Република Северна Македонија, другите судски органи, Советот на јавните обвинители и на други органи кога тоа е определено со закон;

---

* Редакциски пречистениот текст на Законот за објавување на законите, другите прописи и акти во „Службен весник на Република Македонија“ ги опфаќа основниот текст на Законот, објавен во “Службен весник на РМ“ бр. 56/99, Законот за дополнување на Законот за објавување на законите, другите прописи и акти во „Службен весник на Република Македонија“објавен во “Службен весник на РМ“ бр.43/02 и Законот за изменување и дополнување на Законот за објавување на законите и другите прописи и акти во „Службен весник на Република Македонија, објавен во “Службен весник на РСМ“ бр.21/21, во кои е означено времето на неговото влегување во сила и примена.

[1] **Ставот 2 ќе започне да се применува во рок од шест месеци** од денот на влегувањето во сила на овој закон, **види: член 14 од** Законот за изменување и дополнување на Законот за објавување на законите и другите прописи и акти во „Службен весник на Република Македонија, објавен во “Службен весник на РСМ“ бр.21/21.

9. Општите и гранските колективни договори;

10. Актите на регулаторните органи, на Народната Банка на Република Северна Македонија, на фондовите, заводите, агенциите и на други правни лица и субјекти (совети, комисии и слично), донесени во извршување на јавните овластувања;

11. Прописите и другите акти на локалната самоуправа за кои тоа е утврдено со закон или со нивните статути;

12. Колективни договори на ниво на работодавач;

13. Исправките на законите, другите прописии другите акти објавени во „Службен весник на Република Северна Македонија";

14. Декларациите, заедничките позиции и демаршите на Европската Унија кон кои се придружува/прифаќа Република Северна Македонија на покана на Европската Унија;

15. Резолуциите на Советот за безбедност на Обединетите нации со кои се воведува, изменува или укинува режим на санкции против држави, ентитети или поединци.

**Член 4**

Законите и другите прописи и акти се објавуваат во „Службен весник на Република Северна Македонија" во текстот што го донел доносителот на актот.

**Член 5**

За објавување на законите и другите прописи и акти на Собранието на Република Северна Македонија се грижи генералниот секретар на Собранието на Република Северна Македонија.

За објавување на прописите и другите акти на претседателот на Републиката се грижи генералниот секретар во кабинетот на претседателот на Република Северна Македонија.

За објавување на прописите и другите акти на Владата на Република Северна Македонија се грижи генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија.

За објавување на прописите и другите акти на министрите кои раководат со министерствата и функционерите кои раководат со другите органи на државната управа и организациите утврдени со закон, се грижи секретарот на Секретаријатот за законодавство на Владата на Република Северна Македонија.

За објавување на колективните договори се грижи органот што го овластиле субјектите што го склучиле.

За објавување на другите акти се грижи органот, односно организацијата што го донела.

Налог за објавување на законите и другите прописи и акти дава одговорното лице кое се грижи за објавувањето на законите и другите прописи и акти во „Службен весник на Република Северна Македонија".

**Член 6**

Законите и другите прописи и акти се објавуваат по правило во првиот нареден број на „Службен весник на Република Северна Македонија" ако се доставени за објавување во пропишаниот рок.

**Член 7**

„Службен весник на Република Северна Македонија" излегува по потреба.

Денот на издавање на поединечниот број на „Службен весник на Република Северна Македонија" е датумот кој е означен на електронското и печатеното издание на „Службен весник на Република Северна Македонија".

Електронското и печатеното издание на „Службен весник на Република Северна Македонија" мораат да имаат ист датум.

По исклучок од ставот 3 на овој член, доколку електронското и печатеното издание на „Службен весник на Република Северна Македонија" немаат ист датум, како ден на издавање се смета датумот на електронското издание.

Електронското и печатеното издание на „Службен весник на Република Северна Македонија" имаат ист текст и содржина и еднаква правна важност.

По исклучок од ставот 5 на овој член, доколку се појави неусогласеност помеѓу текстот и содржината на електронското и печатеното издание, за точен односно правно важен ќе се смета текстот објавен во електронското издание.

**Член 8**

Сите закони, подзаконски акти, одлуки и огласи од сите органи на државната власт во Република Северна Македонија (Собрание на Република Северна Македонија, претседател на Република Северна Македонија, Влада на Република Северна Македонија, судство, јавно обвинителство), Уставен суд на Република Северна Македонија, Народен правобранител на Република Северна Македонија, јавните претпријатија, агенции, дирекции, установи и организации, комисии, правни лица кои вршат јавни овластувања согласно со закон, како и акти на други институции од областа на изборниот процес, образованието, науката, здравството, културата, радиодифузната дејност, нотаријатот, извршувањето, матичната евиденција, личните документи, финансиите, економијата како и други области кои се објавуваат во „Службен весник на Република Северна Македонија", се објавуваат на македонскиот јазик и неговото кирилско писмо и на јазикот кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните и неговото писмо.

Актите кои се објавуваат во „Службен весник на Република Северна Македонија" се лекторираат со согласно закон.

**Член 9**

Во „Службен весник на Република Северна Македонија" покрај законите и другите прописи и акти од членот 3 од овој закон, се објавуваат и огласи, јавни повици, јавни конкурси, неважечки документи и други акти за кои со закон или друг пропис е утврдено да се објавуваат во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Покрај огласите и актите од ставот 1 на овој член, во „Службен весник на Република Северна Македонија" можат да се објавуваат и други акти, огласи, повици и објави – од причини на транспарентност, но само на писмено барање на доносителот на актот во кое треба да се образложи оправданоста на бараната објава.

Објавите од ставот 2 на овој член мораат да бидат во согласност со уредувачката политика на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија.

**Член 10**

Во „Службен весник на Република Северна Македонија" се објавуваат без надоместок законите и другите прописи и акти од членот 3 став 1 точките од 1 до 9 и точките од 13 до 15 од овој закон.

Во „Службен весник на Република Северна Македонија" се објавуваат со надоместок прописите и актите од членот 3 став 1 точките 10, 11 и 12 и членот 9 од овој закон.

По исклучок од ставот 2 на овој член, прописите и актите од членот 3 став 1 точка 10 од овој закон, се објавуваат со надоместок само за органите, правните лица и субјектите (институциите), кои во целост или делумно се финансираат од сопствени приходи.

**Член 11**

Работите од јавен интерес од член 2 на овој закон ги врши Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија - Скопје (во натамошниот текст: Јавно претпријатие).

Јавното претпријатие врши и издавачки работи (издавање на книги, збирки на прописи, списанија и други видови изданија), во печатена или електронска форма, издава база на прописи во Република Северна Македонија во електронска форма, организира и одржува едукативни семинари (советувања), како и други работи утврдени со Статутот на претпријатието, ако вршењето на тие работи не го попречува издавањето на службеното гласило „Службен весник на Република Северна Македонија"

**Член 12**

Јавното претпријатие должно е податоците од законите и другите прописи и акти да ги чува како службена тајна додека не се објават.

**Член 13**

Над работењето и организацијата на јавното претпријатие се применуваат прописите за јавните претпријатија доколку со овој закон поинаку не е определено.

**Член 14**

Средствата за работа на Јавното претпријатие се обезбедуваат од приходи од своето работење и тоа од:

- претплата, односно продажба на службеното гласило „Службен весник на Република Северна Македонија" во печатена и електронска форма и на другите изданија кои ги издава Јавното претпријатие, во печатена и електронска форма,
- објавените акти, огласи, јавни повици, јавни конкурси, неважечки документи и други објави утврдени во членот 10 ставови 2 и 3 од овој закон,
- надоместоци за извршени услуги, приходи од базата на прописи во Република Северна Македонија во електронска форма и
- приходи од друга издавачка дејност во печатена или електронска форма, едукативни семинари и од други извори.

**Член 15**

Органи на Јавното претпријатие се: Управен одбор, Одбор за контрола на материјално-финансиското работење и директор.

**Член 16**

Управниот одбор се состои од седум члена кои ги именува и разрешува Владата на Република Северна Македонија и тоа четири члена од редот на афирмирани научни и стручни лица, а три члена се именуваат од редот на вработените, на предлог на Советот на вработените на Јавното претпријатие.

Членовите на Управниот одбор се именуваат за време од четири години.

**Член 17**

За вршење на контрола на материјално-финансиското работење во Јавното претпријатие се формира Одбор за контрола на материјално-финансиското работење составен од пет члена.

Членовите на Одборот за контрола на материјално-финансиското работење ги именува и разрешува Владата на Република Северна Македонија за време од четири години.

**Член 18**

Со работата на Јавното претпријатие раководи директор кој го именува и разрешува Владата на Република Северна Македонија за време од четири години.

Директорот на Јавното претпријатие по својата функција е и одговорен уредник на службеното гласило „Службен весник на Република Северна Македонија".

**Членот 19 е избришан,** види: Закон за изменување и дополнување на Законот за објавување на законите и другите прописи и акти во „Службен весник на Република Македонија, ("Службен весник на РСМ" бр.21/21).

**Член 20**

Надлежностите, организацијата и работењето на органите на Јавното претпријатие, како и други прашања од значење за работењето на Јавното претпријатие поблиску се утврдуваат со Статутот.

**Член 21**

Со денот на влегувањето во сила на овој закон постојната Новинско издавачка работна организација Службен весник на Република Македонија - Скопје продолжува да работи како Јавно претпријатие од член 11 на овој закон, а Владата на Република Македонија ги презема основачките права во него.

**Член 22**

Со денот на влегувањето во сила на овој закон имотот со кој располага постојната Новинско издавачка работна организација Службен весник на Република Македонија - Скопје станува државна сопственост.

**Член 23**

Вработените, средствата, правата и обврските на постојната Новинско издавачка работна организација Службен весник на Република Македонија - Скопје ги презема Јавното претпријатие.

**Член 24**

Конституирањето на органите на Јавното претпријатие определени во овој закон ќе се изврши во рок од 20 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Статутот на Јавното претпријатие од член 20 на овој закон ќе се донесе во рок од 15 дена од денот на конституирањето на Управниот одбор на Јавното претпријатие.

**Член 25**

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за објавување на законите и другите републички прописи и општи акти („Службен весник на СРМ" бр. 43/80) и Законот за Новинско издавачката работна организација Службен весник на СРМ („Службен весник на СРМ" бр. 43/80).

**Член 26**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

**ЗАВРШНА ОДРЕДБА**
**од Законот за објавување на законите и другите прописи и акти во „Службен весник на Република Македонија"**
**("Службен весник на РМ" бр.43/02)**

**Член 2**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

**ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**
**од Законот за изменување и дополнување на Законот за објавување на законите и другите прописи и акти во „Службен весник на Република Македонија"**
**("Службен весник на РСМ" бр.21/21)**

**Член 13**

Низ целиот текст на Законот за објавување на законите и другите прописи и акти во „Службен весник на Република Македонија, освен во членовите 21, 22, 23 и 25, зборовите: „Република Македонија" се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија".

## Член 14

Членот 2 од овој закон, со кој во членот 1 се додава нов став 2, ќе започне да се применува во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

## Член 15

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ
## од Законот за изменување и дополнување на Законот за објавување на законите и другите прописи и акти во „Службен весник на Република Македонија”
## ("Службен весник на РСМ" бр.21/21)

### Член 13

Низ целиот текст на Законот за објавување на законите и другите прописи и акти во „Службен весник на Република Македонија, освен во членовите 21, 22, 23 и 25, зборовите: „Република Македонија" се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија".

### Член 14

Членот 2 од овој закон, со кој во членот 1 се додава нов став 2, ќе започне да се применува во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

### Член 15

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

# L I GJ
# I SHPALLJES SË LIGJEVE, TË RREGULLOREVE DHE TË AKTEVE TË TJERA NË GAZETËN ZYRTARE TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
# Teksti i zbardhur e i redaktuar*

## Neni 1

Me këtë ligj rregullohet shpallja e ligjeve, rregulloreve dhe akteve të tjera në Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut, si dhe botimi i medias zyrtare Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut.

Shpallja dhe publikimi sipas paragrafit 1 të këtij neni bëhet në formë të shtypur dhe elektronike. [1]

## Neni 2

Shpallja e ligjeve dhe e rregulloreve të tjera, akteve dhe publikimi i medias publike Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut është me interes publik.

Ligjet, rregulloret dhe aktet e tjera sipas nenit 3, paragrafi 1 të këtij ligji do të publikohen në botimin e shtypur dhe elektronik të Gazetës Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut, e cila përmban nënshkrim dhe vulë elektronike, me çka garantohet identiteti dhe autenticiteti me botimin e shtypur dhe është shpallur në ueb-faqen e Ndërmarrjes Publike Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut.

## Neni 3

Në Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut shpallen:

1. Kushtetuta e Republikës së Maqedonisë së Veriut, ligji kushtetues, amandamentet kushtetuese, ligjet, rregulloret dhe aktet e tjera të Kuvendit të Republikës së Maqedonisë së Veriut (në tekstin e mëtejmë: Kuvendi);
2. Marrëveshjet ndërkombëtare të ratifikuara në përputhje me Kushtetutën e Republikës së Maqedonisë së Veriut;
3. Marrëveshjet e tjera ndërkombëtare dhe aktet ndërkombëtare për të cilat është përcaktuar me ligj ose rregullore tjetër, përkatësisht për të cilat do të vendosë Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut (në tekstin e mëtejmë: Qeveria);
4. Dekretet, vendimet dhe aktet e tjera të kryetarit të Republikës së Maqedonisë së Veriut;
5. Dekretet, vendimet dhe aktet e tjera të Qeverisë;
6. Aktet nënligjore dhe aktet e tjera që i miratojnë ministrat ose ministritë, aktet e zyrtarëve që udhëheqin organet e tjera të administratës shtetërore, aktet e organizatave të përcaktuara me ligj, agjencive, drejtorive ose personave të tjerë juridikë që financohen plotësisht nga Buxheti i Republikës së Maqedonisë së Veriut;
7. Vendimet, aktvendimet dhe aktet e tjera të Gjykatës Kushtetuese të Republikës së Maqedonisë së Veriut;
8. Aktet e Këshillit Gjyqësor të Republikës së Maqedonisë së Veriut, organeve të tjera gjyqësore, Këshillit të Prokurorëve publikë dhe organeve të tjera kur është e përcaktuar me ligj;

---

* Teksti i zbardhur e i redaktuar i Ligjit të Shpalljes së Ligjeve, të Rregulloreve dhe të Akteve të Tjera në Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë përfshin tekstin bazë të ligjit, të shpallur në Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë nr. 56/99, Ligji për ndryshimin dhe plotësimin e Ligjit të Shpalljes së Ligjeve, të Rregulloreve dhe të Akteve të Tjera në Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë të shpallur në Gazetën Zyrtare të RM-së nr. 43/02 dhe Ligji për ndryshimin dhe plotësimin e Ligjit të Shpalljes së Ligjeve, të Rregulloreve dhe të Akteve të Tjera në Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë, të shpallur në Gazetën Zyrtare të RMV-së nr. 21/21, ku është shënuar koha e hyrjes në fuqi dhe zbatimit të saj.

[1] **Paragrafi 2 do të fillojë të zbatohet në afat prej gjashtë muajsh nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji, shih: nenin 14** të Ligjit për ndryshimin dhe plotësimin e Ligjit të Shpalljes së Ligjeve, të Rregulloreve dhe të Akteve të Tjera në Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë, të shpallur në Gazetën Zyrtare të RMV-së nr.21/21.

9. Marrëveshjet kolektive të përgjithshme dhe të degës;

10. Aktet e organeve rregullatore, të Bankës Popullore të Republikës së Maqedonisë së Veriut, të fondeve, instituteve, agjencive dhe personave të tjerë juridikë dhe subjekteve (këshillat, komisionet etj.), të miratuara në kryerjen e autorizimeve publike;

11. Rregulloret dhe aktet e tjera të vetëqeverisjes lokale për të cilat është përcaktuar me ligj ose me statutet e tyre;

12. Marrëveshjet kolektive në nivel të punëdhënësit;

13. Përmirësimet e ligjeve, rregulloreve të tjera, akteve të tjera të shpallura në Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut;

14. Deklaratat, qëndrimet e përbashkëta dhe demarshet e Bashkimit Europian të cilave u përmbahet/ i pranon Republika e Maqedonisë së Veriut me ftesë të Bashkimit Europian;

15. Rezolutat e Këshillit të Sigurimit të Kombeve të Bashkuara me të cilat futet, ndryshohet ose shfuqizohet regjim i sanksioneve kundër shteteve, subjekteve ose individëve.

**Neni 4**

Rezolutat e Këshillit të Sigurimit të Kombeve të Bashkuara me të cilat futet, ndryshohet ose shfuqizohet regjim i sanksioneve kundër shteteve, subjekteve ose individëve.

**Neni 5**

Për shpalljen e ligjeve dhe rregulloreve dhe akteve të tjera të Kuvendit të Republikës së Maqedonisë së Veriut kujdeset sekretari i përgjithshëm i Kuvendit të Republikës së Maqedonisë së Veriut.

Për shpalljen e ligjeve, rregulloreve dhe akteve të tjera të kryetarit të Republikës së Maqedonisë së Veriut kujdeset sekretari i përgjithshëm në kabinetin e kryetarit të Republikës së Maqedonisë së Veriut.

Për shpalljen e ligjeve, rregulloreve dhe akteve të tjera të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut kujdeset sekretari i përgjithshëm i Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut.

Për shpalljen e rregulloreve dhe akteve të tjera të ministrive të cilat udhëheqin ministritë dhe zyrëtarët të cilën udhëheqin organet e tjera të administratës shtetërore dhe organizatat të përcaktuara me ligj, kujdeset sekretari i Sekretariatit të Legjislacionit të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut.

Për shpalljen e marrëveshjeve kolektive kujdeset organi i autorizuar nga subjektet që e kanë lidhur atë.

Për shpalljen e akteve të tjera kujdeset organi, përkatësisht organizata që e ka miratuar.

Urdhëresë për shpalljen e ligjeve, rregulloreve dhe akteve të tjera jep personi përgjegjës i cili kujdeset për shpalljen e ligjeve dhe rregulloreve të tjera në Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut.

**Neni 6**

Ligjet, rregulloret dhe aktet e tjera shpallen me rregull në numrin e ardhshëm të Gazetës Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut nëse janë të dorëzuar për shpallje në afatin e caktuar.

**Neni 7**

Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut botohet sipas nevojës. Dita e lëshimit të numrit individual të Gazetës Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut është data e shënuar në botimin elektronik dhe të shtypur në Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut.

Botimi elektronik dhe i shtypur i Gazetës Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut duhet të kenë të njëjtën datë.

Me përjashtim të paragrafit 3 të këtij neni, nëse botimi elektronik dhe i shtypur i Gazetës Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut nuk kanë të njëjtën datë, si datë e lëshimit do të merret data e botimit elektronik.

Botimi elektronik dhe i shtypur i Gazetës Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut kanë tekst dhe përmbajtje të njëjtë dhe vlefshmëri juridike të barabartë.

Me përjashtim të paragrafit 5 të këtij neni, nëse paraqitet mospërputhje ndërmjet tekstit dhe përmbajtjes së botimit elektronik dhe atij të shtypur, për tekst të saktë, gjegjësisht juridikisht të rëndësishëm do të merret teksti i botuar në botimin elektronik.

**Neni 8**

Të gjitha ligjet, aktet nënligjore, vendimet dhe shpalljet e të gjitha organeve të qeverisjes shtetërore në Republikën e Maqedonisë së Veriut (Kuvendi i Republikës së Maqedonisë së Veriut, Kryetari i Republikës së Maqedonisë së Veriut, Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut, gjykata, prokuroria publike), Gjykata Kushtetuese e Republikës së Maqedonisë së Veriut, Avokati i Popullit i Republikës së Maqedonisë së Veriut, ndërmarrjet publike, agjencitë, drejtoritë, institucionet dhe organizatat, komisionet, personat juridikë që kryejnë autorizime publike në përputhje me ligjin, si dhe aktet e institucioneve të tjera nga fusha e procesit zgjedhor, arsimit, shkencës, shëndetësisë, kulturës, veprimtarisë radiodifuzive, noterialit, përmbarimit, evidencës së amzës, dokumenteve personale, financave, ekonomisë si dhe fushave të tjera që shpallen në Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut shpallen në gjuhën maqedonase dhe alfabetin e saj cirilik, si dhe në gjuhën që e flasin së paku 20% e qytetarëve dhe në alfabetin e saj.

Aktet që shpallen në Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut lekturohen në përputhje me ligjin.

**Neni 9**

Në Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut, përveç ligjeve, rregulloreve dhe akteve të tjera sipas nenit 3 të këtij ligji, publikohen dhe shpallen, thirrjet publike, konkurset publike, dokumentet e pavlefshme dhe aktet e tjera për të cilat me ligj ose rregullore tjetër është përcaktuar të shpallen në Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut.

Krahas shpalljeve dhe akteve sipas paragrafit 1 të këtij neni, në Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut mund të shpallen edhe akte, shpallje, thirrje dhe njoftime të tjera - për arsye të transparencës, por vetëm me kërkesë me shkrim të miratuesit të aktit në të cilin duhet të shpjegohet arsyetimi i shpalljes së kërkuar.

Shpalljet sipas paragrafit 2 të këtij neni duhet të jenë në përputhje me politikën redaktuese të Ndërmarrjes Publike Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut.

**Neni 10**

Në Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut shpallen pa kompensim ligjet dhe dispozitat dhe aktet e tjera sipas nenit 3, paragrafi 1, pikat 1 deri në 9 dhe pikat 13 deri në 15 të këtij ligji.

Në Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut shpallen me kompensim rregulloret dhe aktet sipas nenit 3 paragrafi 1 pikat 10, 11 dhe 12 dhe neni 9 të këtij ligji.

Me përjashtim të paragrafit 2 të këtij neni, rregulloret dhe aktet sipas nenit 3, paragrafi 1, pika 10 të këtij ligji, shpallen me kompensim vetëm për organet, personat juridikë dhe subjektet (institucionet), të cilat financohen plotësisht ose pjesërisht nga të ardhurat personale.

**Neni 11**

Punët me interes publik sipas nenit 2 të këtij ligji i kryen Ndërmarrja Publike Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut - Shkup (në tekstin e mëtejmë: Ndërmarrja Publike).

Ndërmarrja publike kryen edhe veprimtari botuese (botim librash, përmbledhje rregulloresh, revista dhe lloje të tjera të publikimeve), në formë të shtypur ose elektronike, nxjerr bazë të rregulloreve në Republikën e Maqedonisë së Veriut në formë elektronike, organizon dhe mban seminare edukative (këshillime), si dhe çështje të tjera të përcaktuara me statutin e ndërmarrjes, nëse kryerja e atyre punëve nuk e pengon shpalljen e medias zyrtare Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut.

**Neni 12**

Ndërmarrja publike është e obliguar t'i ruajë të dhënat nga ligjet, rregulloret dhe aktet e tjera si sekret zyrtar deri në shpalljen e tyre.

**Neni 13**

Mbi punën dhe organizimin e ndërmarrjes publike zbatohen rregulloret për ndërmarrjet publike, përveç nëse me këtë ligj nuk është përcaktuar ndryshe.

**Neni 14**

- Mjetet për funksionimin e Ndërmarrjes Publike sigurohen nga të hyrat nga puna e saj siç vijon:
- parapagimi, përkatësisht shitja e medias zyrtare Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut në formë të shtypur dhe elektronike dhe në botime të tjera që i lëshon Ndërmarrja Publike, në formë të shtypur dhe elektronike;
- aktet e shpallura, shpalljet, thirrjet publike, konkurset publike, dokumentet e pavlefshme dhe shpalljet e tjera të përcaktuara në nenin 10, paragrafët 2 dhe 3 të këtij ligji;
- kompensimet për shërbimet e kryera, të hyrat sipas bazës së rregulloreve në Republikën e Maqedonisë së Veriut në formë elektronike dhe
- të ardhura nga veprimtari tjetër botuese në formë të shtypur ose elektronike, seminare edukative dhe nga burime të tjera.

**Neni 15**

Organet e Ndërmarrjes Publike janë: Bordi Drejtues, Bordi i kontrollit të punës materialo-financiare dhe drejtori.

**Neni 16**

Bordi drejtues përbëhet nga shtatë anëtarë të cilat i emëron dhe shkarkon Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut: katër anëtarë nga radhët e shkencëtarëve dhe ekspertëve të afirmuar, kurse tre anëtarë emërohen nga radhët e të punësuarve, me propozim të Këshillit të të punësuarve të Ndërmarrjes Publike.

Anëtarët e Bordit Drejtues emërohen për periudhë katërvjeçare.

**Neni 17**

Për kryerjen e kontrollit të punës materialo-financiare në Ndërmarrjen Publike, formohet Bordi i kontrollit të punës materialo-financiare, i përbërë nga pesë anëtarë.

Anëtarët e Bordit të kontrollit të punës materialo-financiare i emëron dhe shkarkon Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut për periudhë prej katër vjetësh.

**Neni 18**

Punën e Ndërmarrjes Publike udhëheq drejtori të cilin e emëron dhe e shkarkon Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut për periudhë katërvjeçare.

Drejtori i Ndërmarrjes Publike është edhe kryeredaktor i medias zyrtare Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut.

**Neni 19 është fshirë,** shih: Ligji për ndryshimin dhe plotësimin e Ligjit të Shpalljes së Ligjeve, të Rregulloreve dhe të Akteve të Tjera në Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë (Gazeta Zyrtare e RMV-së nr. 21/21).

**Neni 20**

Kompetencat, organizimi dhe funksionimi i organeve të Ndërmarrjes Publike, si dhe çështjet e tjera me rëndësi për punën e Ndërmarrjes Publike përcaktohen më hollësisht me statut.

**Neni 21**

Ditën e hyrjes në fuqi të këtij ligji, organizata ekzistuese punuese Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë - Shkup vazhdon të punojë si ndërmarrje publike sipas nenit 11 të këtij ligji, ndërkaq të drejtat e themelimit i merr Qeveria e Republikës së Maqedonisë në të.

**Neni 22**

Ditën e hyrjes në fuqi të këtij ligji, prona të cilën e disponon organizata ekzistuese punuese botuese Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë - Shkup bëhet pronë shtetërore.

**Neni 23**

Të punësuarit, mjetet, të drejtat dhe obligimet e organizatës ekzistuese punuese botuese Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë - Shkup i ndërmerr Ndërmarrja Publike.

**Neni 24**

Konstituimi i organeve të Ndërmarrjes Publike të përcaktuara me këtë ligj do të bëhet në afat prej 20 ditësh nga hyrja në fuqi e këtij ligji.

Statuti i Ndërmarrjes Publike sipas nenit 20 të këtij ligji do të miratohet në afat prej 15 ditësh nga konstituimi i Bordit Drejtues të Ndërmarrjes Publike.

**Neni 25**

Me hyrjen në fuqi të këtij ligji, pushon të vlejë Ligji i Shpalljes së Ligjeve dhe Rregulloreve të Tjera të Republikës dhe Akteve të Përgjithshme (Gazeta Zyrtare e RMV-së nr. 43/80) dhe Ligji i Organizimit të Punës së Botimeve, Lajmeve, Gazeta Zyrtare e RMV-së (Gazeta Zyrtare e RMV-së nr. 43/80).

**Neni 26**

Ky ligj hyn në fuqi ditën e tetë nga shpallja në Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë.

**DISPOZITA PËRFUNDIMTARE**
**e Ligjit të Shpalljes së Ligjeve, të Rregulloreve dhe i Akteve të Tjera në Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë**
**(Gazeta Zyrtare e RM-së nr.43/02)**

**Neni 2**

Ky ligj hyn në fuqi ditën e tetë nga shpallja në Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë.

**DISPOZITA KALIMTARE DHE PËRFUNDIMTARE**
**të Ligjit për ndryshimin dhe plotësimin e Ligjit të Shpalljes së Ligjeve, të Rregulloreve dhe të Akteve të Tjera në Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë**
**(Gazeta Zyrtare e RMV-së nr.21/21)**

**Neni 13**

Në tërë tekstin e Ligjit të Shpalljes së Ligjeve, të Rregulloreve dhe të Akteve të Tjera në Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë, përveç neneve 21, 22, 23 dhe 25, fjalët: “Republika e Maqedonisë” zëvendësohen me fjalët: "Republika e Maqedonisë së Veriut".

**Neni 14**

Neni 2 i këtij ligji, me të cilin nenit 1 i shtohet paragraf i ri 2, do të fillojë të zbatohet në afat prej gjashtë muajve nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

**Neni 15**

Ky ligj hyn në fuqi ditën e shpalljes në Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut.

**DISPOZITA KALIMTARE DHE PËRFUNDIMTARE**
**të Ligjit për ndryshimin dhe plotësimin e Ligjit të Shpalljes së Ligjeve, të Rregulloreve dhe të Akteve të Tjera në Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë**
**(Gazeta Zyrtare e RMV-së nr.21/21)**

**Neni 13**

Në tërë tekstin e Ligjit të Shpalljes së Ligjeve, të Rregulloreve dhe të Akteve të Tjera në Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë, përveç në nenet 21, 22, 23 dhe 25, fjalët: „Republika e Maqedonisë" zëvendësohen me fjalët: "Republika e Maqedonisë së Veriut".

**Neni 14**

Neni 2 i këtij ligji, me të cilin nenit 1 i shtohet paragraf i ri 2, do të fillojë të zbatohet në afat prej gjashtë muajve nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

**Neni 15**

Ky ligj hyn në fuqi ditën e shpalljes në Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut.